РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

Ознака на списот КУиКП.Ср. 6/03

Ев

Предав

# ДОСТАВНИЦА
## за лично доставување

Примач Решит Елмази
с. Крани

Наименување на актот што се доставува решение од 31. 01. 2012

Број на прилозите

Ако примачот е неписмен или не е во состојба да се потпише го потпишува доставувачот со забелешка зошто примачот не го ставил својот потпис

Предупредувам дека го примив напред означениот акт (сос зборови)

Потпис на примачот,

Потпис на доставувачот,

sud_dost.cdr

ОСНОВНИОТ СУД РЕСЕН,со судијата Виолета Крстиновска како судија за извршување на санкции, постапувајќи во предметот за извршување на казна затвор против осудениот Решит Елмази од с.Крани-Ресен, на ден 31.01.2012 год., го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ЗАПИРА** постапката за извршување на казната затвор во траење од 2 (две) години,на осудениот Решит Елмази од с.Крани-Ресен, изречена со пресуда на Основниот суд Скопје 2 - Скопје К.бр.198/02 од 13.03.2003 година,поради настапување на апсолутна застареност.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со пресуда на Основен суд Скопје 2- Скопје К.бр.198/02 од 13.03.2003 год., обвинетиот Решит Елмази од с.Крани-Ресен, осуден е на казна затвор во траење од 2-две години. Пресудата станала правосилна на ден 28.05.2003 година..

Со налог за упатување за извршување на казна затвор НУИ.бр.6/03 од 07.11.2003 год., осудениот е повикан на ден 20.11.2003 год., да се јави во КП Дом Идризово, заради издржување на казната. Меѓутоа доставницата е вратена со напомена дека отпатувал во странство. Заради тоа со писмен поднесок побарано е од ОВР Ресен да се достави точната адреса на осудениот од каде што ни е одговорено дека истиот престојувал во Мелбурн - Австралија, со непозната адреса. Бидејќи осудениот не беше достапен на органите на МВР за присилно приведување, судот донесе решение КУИ.КП.бр.6/03 од 04.03.2004 год., да се издаде потерница.

Постапувајќи по службена должност,а по извршениот увид во списите на предметот, судот утврди дека казната затвор не може да се изврши, бидејќи настапила апсолутна застареност за нејзиното извршување, поради што, а согласно чл.109 ст.1 т.5 од Кривичниот законик и чл.36 ст.2 алинеа 5 од Законот за извршување на

санкциите, се одлучи како во изреката на решението.

Претседател на суд,
Виолета Крстиновска,ср.

Д-НА: Осудениот,за кого да се истакне на огласна табла на судот.

ОСНОВЕН СУД РЕСЕН
Верно со оригиналот потврдува
Судски службеник